

# Schlagdübel H1 eco

## Типла со метален клин



- **За сите подлоги**
- **Метален клин**
- **Голема носивост**

**Производ** Типла со челична шајка за проблематични подлоги и сите врсти на фасадни изолациски плочи. Длабочината на навлегување во носивите подлоги:≥ 25 мм Област на примена: бетон, цврста тула, шуплива тула. Дијаметар на типла: 8 мм; Дијаметар на розетна: 60 мм

**Состав** Полиамид, челик.

**Својства** Голема носивост, универзална примена, брзо вградување

**Аплицирање** За прицврстување на сите термоизолациски плочи со сите минерални подлоги,класа (А, Б, Ц), од системот Баумит ETICS, по нормите на ETAG.

**Технички податоци** класификација: ETAG 014

| | H1 Eco 115mm | H1 Eco 135mm | H1 Eco 155mm | H1 Eco 175mm |
|---|---|---|---|---|
| пречник на типлата | 8 mm | 8 mm | 8 mm | 8 mm |
| пречник на главата на типлата | 60 mm | 60 mm | 60 mm | 60 mm |

| | H1 Eco 195mm | H1 Eco 215mm |
|---|---|---|
| пречник на типлата | 8 mm | 8 mm |
| пречник на главата на типлата | 60 mm | 60 mm |

**Облик на испорака** Парче, 1 кутија =200 Пар.

**Складирање** На суво место,заштитено од сонце, неограничено.

**Гаранција за квалитет** Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Закон за хемиски супстанции** Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.

**Подлога** Испитувањето на подлогата да се направи во склад со нормите на ÖNORM B 3346. Подлогата мора да биде чиста, сува, несмрзната, без прашина, не смее да биде водоотпорна, носива и без лабави делови.

**Подготовка на подлогата** Припремата на подлогата мора да биде во согласност со важечките норми на струката. Испитувањето на подлогата и рамноста на зидовите да ги изведете во согласност со нормите ÖNORM B 2259 i DIN 18202.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

**Обработка**

**Поставување на типлите:**
Поставувањето на типлите може да се изведе веќе 24 часа по лепењето на изолационите плочи, бројот на типли мин. 6 парчиња / м2, според шемата за поставување типли препорачана од производителот. Препорачаната шема за поставување на типли на стиропор EPS е T-шема, додека за камена волна тоа е шема W. По поставување на типлите, врвот на типлата мора да биде обложена со тенок слој на лепак. Дупката мора да направи на површината на подлогата. Изборот на машина за дупчење зависи од подлогата и мора да се одреди во зависност од видот на подлогата (дупчењето е дозволено само со дупчалки без удари во шупливи блокови и тули, гасен бетон, монтажни лесни бетони. Направената дупка треба да биде поголема од должината на типлата за најмалку 10 мм. Прашината мора да се отстрани од дупката. Типлата се вметнува со лесни удари со чекан до нивото на топлинска изолација. Ако типлата не е поставен правилно поради структурата на основата, треба да се отстрани типлата и да се постави нова до неа. Точната должина на типлата зависи од длабочината на навлегување, можната дебелина на стариот малтер, дебелината на лепилото и дебелината на изолацијата. Ако не сте сигурни за носивоста на подлогата, задолжително е да се направи тест со извлекување на самото градилиште, со цел да се провери носивоста на типлата

**Напомени и општи информации**

Температурата на воздухот, материјалот и подлогата за време на процесот на обработка и сврзување треба да биде најмалку 5ºC и максимална 30ºC. Фасадите мора да бидат заштитени од директна сончева светлина, дожд и ветер, со заштитни мрежи за фасади. Освен наведените норми треба да се почитува важечките упатства ,,Баумит упатства за изведување на фасадни системи’’!

---

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk